**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Скопје/Shkup, 24 август 2021 година/viti
Бр./Nr.: 40-678/27

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**СКОПЈЕ**

# ИЗВАДОК
## од Нацрт – записникот од Сто и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 август 2021 година

„ТОЧКА 1: Записник од Четириесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 август 2021 година и предлог-протоколи и Предлог-план

Владата го разгледа Записникот од Четириесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 август 2021 година и предлог-протоколи и Предлог-план и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четириесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 август 2021 година.

2. Ги прифати Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија, за реализација на воспитно-образовниот процес, со физичко присуство на учениците, во учебната 2021/2022 година (Прилог број 18), Протоколот за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија, за реализација на воспитно-образовниот процес, со физичко присуство на учениците, во учебната 2021/2022 година


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

(Прилог број 19) и Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта, во учебната 2021/2022 година (Прилог број 20).

3. Се дозволува организирање, присуство и учествување на спортски натпревари кои се одржуваат со присуство на гледачи (публика) и тоа:
- до максимум 50% исполнетост од вкупниот капацитет на отворениот спортски објект каде што се одржува натпреварот и
- до максимум 30 % исполнетост од вкупниот капацитет на затворениот спортски објект каде што се одржува натпреварот.

Натпреварите задолжително се организираат и одржуваат со почитување на растојанието помеѓу официјалните лица на екипите, како и на другите посетители (гледачи/публика) од најмалку 1,5 - 2 метри и на растојание од три седишта.

При организирање, присуство и учество на спортските натпревари (пионерски, кадетски, младински и професионални спортски натпревари), учесниците на спортските натпревари (спортисти, членови на стручни штабови на екипите, официјалните лица на спортските федерации и други службени лица), задолжително треба да поседуваат и приложат еден од следните документи:
- медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS-CoV-2 тест, направен 72 часа пред одигрување на натпреварот, од страна на клубовите;
- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени најмалку две дози на вакцина против заразната болест COVID-19 или
- сертификат/потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.

При присуство на спортските натпревари (пионерски, кадетски, младински и професионални спортски натпревари), сите други присутни лица/гледачи/публика, при влез во спортскиот објект каде што се одржува натпреварот задолжително поседуваат и приложуваат еден од следниве документи:
- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примена најмалку една доза на вакцина против заразната болест COVID-19 или
- сертификат/потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati I Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

4. Во сите угостителски објекти и во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и во друг објект за сместување), на бензинските станици, во казината и обложувалниците и во други објекти кои во склоп на истите даваат угостителски услуги прием на посетители и гости и послужување во затворениот дел на објектите се дозволува до најмногу 30% исполнетост од капацитетот на просторот, а во отворените делови – тераси од угостителскиот објект до најмногу 50% исполнетост од капацитетот на просторот, како и служење пијалаци во внатрешноста на казината, обложувалниците и автомат клубовите.

Угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично) можат да ја организираат работата како ресторани до најмногу 30% од капацитетот во затворениот дел од угостителскиот објект и до најмногу 50% од капацитетот на отворениот дел и да организираат свадби со присуство на музичари, согласно соодветниот наменски протокол само на отворените делови – тераси од угостителските објекти, до најмногу 50% исполнетост од капацитетот на просторот.

Исклучок се угостителските објекти на Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот „Св.Апостол Павле" во Охрид, како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) за посета од лицата сместени во овие објекти.

5. Се забранува организирање и одржување настани од областа на културата, како и други настани од секаков вид (семинари, обуки, курсеви, состаноци, работилници, конференции и слично), во затворениот дел на објектите над 30% исполнетост од капацитетот на просторот, а над 50% исполнетост од капацитетот на отворениот дел од просторот каде се одржуваат истите.

6. Се забранува влез во секаков вид на објекти од отворен и затворен тип, угостителските објекти (кафетерии, ресторани, барови, ноќни клубови-дискотеки), во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, во казината и обложувалниците, во други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, во угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и се забранува влез каде што се одржува настан од секаков друг вид (концерти, семинари, обуки, курсеви,

состаноци, работилници, конференции, културни или спортски настани), на посетители/гости/лица, без поседување и приложување на еден од следните документи:

- сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примена најмалку прва доза на вакцина против заразната болест COVID-19 и
- сертификат/потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.

Наредена мерка задолжително се применува и за влез во затворениот дел од моловите на територијата на Република Северна Македонија.

7. Се задолжува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство на наредната седница на Комисијата да го разгледа делот од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена кој се однесува на строга изолација (карантин) за заболени лица од заразната болест COVID-19 и лица кои биле или се сомнева дека биле во непосреден контакт со лице заболено или инфицирано со заразната болест COVID-19, како и за членовите на потесното семејство од семејната заедница кои живеат заедно со заболени лица од заразната болест COVID-19 и на лица кои подолго време биле во близина, односно во контакт со лице заболено од заразната болест COVID-19, имајќи предвид дека Државниот санитарен и здравствен инспекторат постапува различно при издадавањето на решенија за упатување во изолација во случаите кога лицата поседуваат сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2 и сертификат/потврда за прележан COVID-19 во последните 45 дена, сметајќи од денот на оздравувањето.

   Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство утврдениот предлог да го достави на разгледување на наредната седница на Главниот координативен кризен штаб.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена."

**Прилог 1: Записник**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**SEKRETARI I PËRGJITHSHËM I QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Мухамед Зеќири/Muhamed Zeqiri**

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Скопје-Shkup

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- сите државни институции
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа
- Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија
- стопанските комори во Република Северна Македонија
-Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски
Проверил: Зоран Брњарчевски / м-р Билјана Цоневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 23-08-2021
40-130/28

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 23 август 2021 година

Архивски број: 08-38/28

**З А П И С Н И К**

**Од Четириесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 август 2021 година**

На 23 август 2021 година (понеделник), со почеток во 9.00 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Четириесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Во видео - конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: Артан Груби заменик на раководителот на Главниот координативен кризен штаб, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, за координација со економските ресори и инвестиции, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, Мила Царовска, министер за образование и наука, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи, д-р Беким Максути, директор


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

на Дирекцијата за заштита и спасување, Славица Кутиров, директор на Царинската управа, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност и Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство и Зоран Петров, национален координатор за имплементација на Национална платформа за намалување ризици од несреќи и катастрофи.

На овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциска врска преку употреба на интернет комуникација, не учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика.

*   *   *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

**Точка 1:**

Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

**Точка 2:**

Прашања и предлози

* * *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица од оваа видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација.

Потоа, членовите на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

* * *

**По однос на точката 1 од Дневниот ред,** доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, за реализацијата на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, како и за текот и прогресот на активностите во врска имунизација на населението.

Министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче истакна дека во болниците во општините Тетово, Гостивар и делумно Кичево и Струга има значајно зголемување на бројот на хоспитализирани пациенти заболени од Коронавирус COVID-19.

Исто така, министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче истакна дека евидентно е зголемувањето на интересот за вакцинирање кај населението и како резултат на тоа во наредните неколку дена во малата сала во Спортскиот центар „Борис Трајковски" ќе биде отворен пункт за вакцинација.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, укажа на потребата Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство до одржувањето на седницата на Владата да ги разгледа Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2021/2022 година, со Протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2021/2022 година и Протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2021/2022 година и доколку оценат за потребно, до одржувањето на утрешната редовна седница на Владата, да предложат одредени измени или дополнувања во планот и протоколите.

Врз основа на укажувањата изнесени од министерот за култура, д-р Ирена Стефоска, во врска со одредени барања од организаторите на културните настани и културните уметници во Република Северна Македонија, во однос на прашања поврзани со примената на наредените мерки на Владата и ангажирањето на редарска служба, во однос на прашањата со процесот на вакцинацијата (имунизацијата) на вработените лица во институциите од областа на културата, а и во однос на тоа да се разгледа можноста доколку 80% од вработените во институциите од областа на културата се имунизирани, тогаш бројот на присутни гледачи/публика што може да присуствува на културниот настан да се зголеми од постојните 30% на 70%, со почитување на веќе постојните наменски протоколи.

Министерот за труд и социјална политика, д-р Јагода Шахпаска, преку доставено известување до членовите на Главниот координативен кризен штаб, ги презентираше состојбите во ресорот, заклучно со 19 август 2021 година, при што во институциите за згрижување и воспитување на деца во детските градинки регистрирани се девет вработени и две деца позитивни на Коронавирус COVID-19, додека во центрите за згрижување на стари лица и дневните центри за лица со попреченост не се евидентирани лица заболени од Коронавирус COVID-19.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири, укажа на потребата, Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, да го разгледа прашањето со примена и почитување на наредените мерки на Владата при организирање и учество во врски обреди организирани од страна на верските заедници или религиозни групи, односно имајќи ја предвид моменталната епидемиолошка состојба и примената на постојните наредени мерки, дали е потребно доработка и прецизирање на истите во овој дел.

Директор на Центарот за управување со кризи, Стојанче Ангелов, истакна дека доколку некоја од болниците од Комплексот клиники „Мајка Тереза“ во Град Скопје, ковид центрите или вакциналните пунктови на територијата на целата држава имаат потреба од зголемување на бројот на полициските и армиските сили за обезбедување, потребно е да испратат писмено барање до Центарот за управување со кризи и во рок од еден ден ќе им се обезбеди дополнително обезбедување.

* * *

Согласно доставените материјали, информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:

1. На наредната седница на Владата, <u>да се разгледаат и прифатат</u> Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија, за реализација на воспитно-образовниот процес, со физичко присуство на учениците, во учебната 2021/2022 година; Протоколот за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија, за реализација на воспитно-образовниот процес, со физичко присуство на учениците, во учебната 2021/2022 година; и Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта, во учебната 2021/2022 година, откако претходно ќе бидат разгледани и потврдени од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

2. На наредната седница на Владата, да се разгледаат барањата упатени до Министерството за култура, од организаторите на културните настани и културните уметници во Република Северна Македонија, во однос на прашања поврзани со примената на наредените мерки на Владата и ангажирањето на редарска служба, прашањата со процесот на вакцинацијата (имунизацијата) на вработените лица во институциите од областа на културата, а и во однос на тоа да се разгледа можноста доколку 80% од вработените во институциите од областа на културата се имунизирани, тогаш бројот на присутни гледачи/публика што може да присуствува на културниот настан да се зголеми од постојните 30% на 70%, со почитување на веќе постојните наменски протоколи, откако претходно Комисијата за заразни болести ќе изгради став и ќе достави предлог до Владата во врска со овие прашања.

3. На наредната седница на Владата, да се разгледа прашањето со примена и почитување на наредените мерки на Владата при организирање и учество во врски обреди организирани од страна на верските заедници или религиозни групи, односно имајќи ја предвид моменталната епидемиолошка состојба и примената на постојните наредени мерки, дали е потребно доработка и прецизирање на истите во овој дел, откако претходно Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство ќе изгради став и ќе достави предлог до Владата за ова прашање.

4. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Податоците за констатирани прекршоци за не носење лична заштита на лицето во периодот од 7.00 часот на 16, 17, 18, 19, 20, 21 и 22.8.2021 година, до 7.00 часот на 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 23.8.2021 година, доставени од Министерство за внатрешни работи– Биро за јавна безбедност.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

5. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Дневените извештаи доставени од Државниот санитарен и здравствен инспекторат, за 16, 17, 18, 19, 20 и 21.8.2021 година и Работната табела за периодот 16 август 2021 до 22 август 2021 година.

6. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Работната табела за периодот 16 август 2021 до 20 август 2021 година, доставена од Агенција за лекови и медицински средства.

7. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Работната табела за периодот 16 август 2021 до 20 август 2021 година, доставена од Агенцијата за храна и ветеринарство.

* * *

**По однос на точката 2 од Дневниот ред,** немаше прашања, ниту предлози.

* * *

Горенаведените заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

* * *

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок одржан преку видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација е воден записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА**
**МАКЕДОНИЈА**

Зоран Заев


Канцеларија на Претседателот на Владата
на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS